ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 04-188/24
20.12.2019 год.
ВЕЛЕС

Локална библиотека „Гоце Делчев“
ул. „Алексо Демниевски“ бр. 11 Велес
043/212 032 043/222 032
www.bibliotekaveles.org.mk

Врз основа на член 22 од Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” бр. 62/05...120/18 и Сл. весник на РСМ бр. 110/19) и член 20-а од Законот за вработените во јавиот сектор (“Службен весник на РМ” бр. 27/14......11/18), а согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Локалната библиотека „Гоце Делчев“Велес преку вработување и на Пријавата за вработување во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објевен јавниот оглас бр. 01-167/1 од 14.11.2019 год.

**Директорот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, донесе**

## ОДЛУКА

Со оваа Одлука се врши поништување на дел 1. од Јавниот оглас бр. 1/2019 за вработување на даватели на услуги и помошно технички лица на неопределено работно време, за работно место 1.а) Библиотекар ниво КУЛ 03 04 Д03 001 (еден извршител), кој е објавен во дневен печат „Нова Македонија“, „Вечер“, и „Коха“ на 15.11.2019 година.

Поништувањето се врши поради усогласување на подзаконските акти на установата со одредбите од Законот за културата и Законот за вработените во јавниот сектор.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

При спроведувањето на Јавниот оглас бр. 1/2019 за вработување на даватели на услуги и помошно технички лица на неопределено работно време, посебно формирана Комисија за разгледување на документи по оглас, утврди дека подзаконските акти на установата не се усогласени со законските одредби за спроведување на јавен оглас, и не може да се врши бодирање на пријавените кандидати за горе наведеното работно место.

Имено, потребно е да се изврши усогласување на одредбите од актот-Правилникот за систематизација на работните места во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес бр. 01-125 од 21.09.2015 година, како и на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес преку вработување и на Пријавата за вработување во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објевен јавниот оглас бр. 01-167/1 од 14.11.2019год. со одредбите на Законот за културата и Законот за вработените во јавниот сектор.

Од погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Директор
на Локалната библиотека
„Гоце Делчев“Велес
м-р Игор Крајчев

ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВЕЛЕС